ЛЕКЦИЈА 1

# ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА

# ЗА ШТО СЕ РАБОТИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА? (ПРЕГЛЕД)

За нешто што можеби веќе го знаеш или размислуваш за тоа:
**Образованието има придобивки** (затоа родителите те тераат да одиш на училиште секој ден!).

Образованието има “материјални” придобивки (да, ова значи пари), но исто така и “нематеријални” придобивки (пријатели, среќа, здравје и друго).

Образованието ти дава моќ. Моќ да се бориш со предизвиците во светот (доколку сакаш) и моќ да ја најдеш сопствената цел!

Можеш да се подготвиш за повисоките нивоа на образование **СЕГА**!



# АЈДЕ МАЛКУ ВЕЖБАЊЕ!

Подолу имаш неколку “работни листови” за да размислиш и да ги пополниш. Тие се тука за да ти помогнат да ги сфатиш поимите и да ги примениш во твојот живот. Сфати ги сериозно и забавувај се!!! Твојот наставник/твојата наставничка ќе ти каже кога да работиш во нив.



# ПРИДОБИВКИ ОД ОБРАЗОВАНИЕТО

1 Наведи една важна придобивка за тебе од одењето на факултет или од продолжувањето на образованието откога ќе завршиш основно училиште:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

2 Размисли малку за твојата иднина. Замисли дека си 9. одделение и дека размислуваш за твоите можности и избори за образование. Како ученик во 9. одделение, каде би сакал-а да продолжиш да учиш за да се оспособиш за работа?

**Би сакал-а да одам (избери едно):**

☐ на факултет бидејќи сакам да ____________________________________

☐ во средно стручно училиште бидејќи сакам да ________________

____________________________________________________________

☐ ниту едно бидејќи сакам да ______________________________________

**3** Но, знаеме дека работите не се секогаш лесни…
Кои се двете најголеми пречки кои ги замислуваш на патот на твоето понатамошно образование (избери од наведените подолу или напиши своја)?

☐ бара премногу време за да се заврши

☐ бара премногу пари за да се заврши

☐ мислам дека не сум способен-на да го завршам

☐ друго (напиши своја) ______________________________

______________________________________________

**4** Може ли да размислиш за едно или повеќе решенија што ќе ти помогнат да ги надминеш овие пречки? Во неколку зборови, напиши ги подолу.

Решение 1: ______________________________

Решение 2: ______________________________

Други решенија? ______________________________

______________________________________________

# ПОДГОТОВКА ЗА ДА СЕ БИДЕ МЕНТОР

## ТИ ЌЕ БИДЕШ МЕНТОР!

### Што значи ова?

Денес ја имаше првата лекција од серијата слични лекции што треба да ти овозможат да научиш нови животни вештини. Овие лекции се направени токму за тебе.

Овие лекции бараат да учествуваш во **МЕНТОРСКИ** активности. Тоа значи дека тоа што ќе го учиш, ќе го споделуваш со некој друг.

Кој? Ти ќе бидеш ментор на ученик од 5. одделение.

Ќе дознаеш повеќе од твојот наставник/твојата наставничка, но еве како тоа ќе биде:



## Што е менторство?



Менторството е активност со која, преку пренесување знаење и искуство, му се потпомага на некој друг да учи и да се развива. Да се биде ментор значи внимателно да се слуша ученикот што се менторира и да се развива чувство на доверба кај него.

## Зошто се бара од тебе да бидеш ментор?

Затоа што помалите ученици може да имаат огромна корист од твоето искуство и знаење, но и затоа што ти можеш полесно да сфатиш како тие гледаат на работите.

## Што треба да правам?

Ова ќе биде супер лесно и забавно!



Прво, претстави се себеси! (се среќаваш со другиот ученик за прв пат)

Кажи му на ученикот што го менторираш кој-а си. Не само твоето име, туку можеби и нешто друго за тебе (за тоа што сакаш да го правиш, за твоето семејство, итн.).



Нешто што сакаш да го споделиш со ученикот што го менторираш (напиши го подолу!):

---



- Со свои зборови, објасни му дека ќе се среќавате неколку пати ова полугодие и дека овие средби се за вие двајцата да поразговарате и да видите дали ти можеш да му помогнеш и да го водиш за работите поврзани со училиштето.
- Исто така, кажи му дека нема да бидеш наставник, туку ќе бидеш водич (замисли како одите по еден пат заедно, но тоа е пат кој ти го знаеш подобро) и дека ти ќе учиш заедно со него.
- Можеби ќе ти треба помош од твојот наставник/твојата наставничка за првата менторска средба. Тоа е сосем во ред!

## Неколку правила кои треба да ги имаш предвид:

✓ Изгради доверба со ученикот што го менторираш: ова значи да бидеш љубезен-на кон него и да се однесуваш со почитување. Не им кажувај на другите за тоа што сте разговарале. Немој ниту да го исмеваш пред другите.

✓ Слушај го многу внимателно ученикот што го менторираш.



✓ Секогаш обиди се да разбереш како тој/таа гледа на работите. (Се сеќаваш како ти беше на негови години? Тоа не беше многу одамна.)

✓ Биди позитивен-на и охрабрувај го постојано (ако вежбата е претешка или не ја разбира, смисли како да му помогнеш).

✓ Предизвикувај го по малку и дозволи му самиот да размислува за време на целиот ваш контакт.

## Но, што ние „навистина правиме“?

Тоа е еден вид изненадување. Но, еве малку информации:

1. Секоја недела по лекцијата, твојот наставник/твојата наставничка ќе ти каже дали ќе имаш менторска активност таа недела и како таа ќе изгледа.

2. Некои недели ќе треба да направиш работи со ученикот што ќе ти биде доделен да го менторираш (само вие двајцата), а друг пат тоа може да биде во група. Тоа ќе се менува.

3. Ќе добиеш конкретни насоки за содржината на твоето менторство за време на таа недела, а работната тетратка од претходната недела ќе ги има сите детали.

Ако имаш било какви прашања или загрижи, кажи му на одговорниот наставник/кажи ѝ на одговорната наставничка најбрзо што можеш.





**Супер што се подготвуваш да станеш ментор! Следната недела ќе се сретнеш со ученикот што ќе го менторираш!**

# ЛЕКЦИЈА 1: СЛАЈДОВИ

**Следат слајдовите од Лекција 1 во случај да сакаш да ги читаш и да ги прегледуваш сам-а!**



## Образованието и парите

Високото образование, како што знаеме, се поврзува со **ПАРИ**.

Образованите луѓе заработуваат повеќе.

Да! Што има тука ново?
Сите знаеме дека е така во светот!



ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА 3

## Парите не се сè

Понатамошното образование не само што ќе ви даде повеќе пари, туку ќе ги зголеми и вашите шанси за целосна **среќа и задоволство од животот**.

Дали образованите луѓе се среќни?




ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА
4
Што се случува на факултет?
Старомодниот поглед на образованието вклучува многу учење.
Образованието вклучува многу учење и се соочува со многу предизвици, но се работи за ЗАБАВНО учење!
F


ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА
5
Што друго се случува на факултет?
Ќе добиете забавен и социјално исполнет живот.
Дури и самото учење често пати е забавно!

## Што друго?

- Ќе бидете опкружени со луѓе што размислуваат слично и што се паметни.
- Ќе стекнете љубопитни, толерантни и разновидни пријатели.
- Исто така, многу е веројатно дека ќе ја пронајдете и вистинската личност со која ќе стапите во брак!





## Што се случува по завршување на факултет или на средно стручно образование?

Дали сè уште ќе бидете среќни?

ДА!

Дали сè уште ќе се среќавате со вашите најдобри пријатели?

ДА!



## Добри кариери, не само добри работи!

**“Изберете работа што ја сакате и никогаш нема да мора да работите ниту еден единствен ден во животот!”**






## Зошто ќе го САКАТЕ понатамошното образование?

**Ќе добиете:**

- неколку добри години поминати со забава и со воспоставени доживотни пријателства со интересни луѓе
- супер кариера со тоа што ќе го работите тоа што го сакате и згора на сè, ќе бидете платени за тоа
- добра заработка за да си овозможите добар живот

## Образованието и здравјето

**Произлегува дека:**

- Сите овие придобивки се многу добри за вашето здравје!
- Образованите луѓе живеат подолго и имаат подобро здравје.





ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА 11

## Има и нешто поголемо!

**Всушност:**

- Понатамошното образование може да ви ги оствари соништата.
- Постои поголема веројатност да го реализирате вашиот најголем потенцијал преку завршување на факултет или барем на средно стручно училиште.
- Понатамошното образование ви овозможува да ја следите вашата страст. Може да ве направи извонредни во секоја област по ваш избор.

# Има нешто УШТЕ поголемо!

**Има толку многу проблеми во овој свет:**

- ☹ климатски промени
- ☹ сиромаштија на деца
- ☹ војни
- ☹ лоши политики

- ☺ Повеќегодишното образование може да ви помогне да постигнете позитивни промени.
- ☺ Вие и вашите пријатели може да направите овие промени да се случат!





# РАБОТЕН ЛИСТ 1: Придобивки од образованието

- **Прашања 1-3**
- **Дискусија:** Пречки за реализирање на понатамошното образование и како да се надминат
- **Прашање 4**

Лекција 1

14

# Преглед на тоа што го учевме

- ✓ Образованието е повеќе отколку заработување пари.
- ✓ Образованието може да овозможи да ви се остварат соништата!

**“Изберете работа што ја сакате и никогаш нема да мора да работите ниту еден единствен ден во животот!”**

ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА 15

# Вие ќе бидете ментори!

Една од новите активности во следните неколку недели е **МЕНТОРСКАТА** активност.

Тоа значи дека тоа што ќе го учите, ќе го споделувате со некој друг.

**Кој?**

Вие ќе бидете ментори на ученици од 5. одделение од нашето училиште.



## Што е менторство?

Менторството е активност со која, преку пренесување знаење и искуство, му се потпомага на некој друг да учи и да се развива.

Да се биде ментор бара внимателно да се слуша ученикот што се менторира и да се развива чувство на доверба кај него.

**Зошто се бара од вас да бидете ментори?**

Помалите ученици може да имаат огромна корист од вашето искуство и знаење!



## Вашата улога

Прво, претставете се!

- Објаснете им на учениците што ги менторирате што ќе се случува во следните неколку недели.

Потсетете ги дека вие нема да бидете наставници, туку водичи и дека исто така ќе учите заедно со нив.

- Можеби ќе ви треба помош од вашиот наставник/вашата наставничка за првата менторска средба. Тоа е сосем во ред!


ЛЕКЦИЈА 1: ОБРАЗОВАНИЕТО ОВОЗМОЖУВА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОНИШТАТА
18
Неколку правила
✓ Изградете доверба со учениците што ги менторирате: ова значи да бидете љубезни и да се однесувате со почитување.
✓ Слушајте ги многу внимателно кога зборуваат.
✓ Секогаш обидете се да го разберете нивното гледање на работите.
✓ Бидете позитивни и охрабрувајте ги постојано.
✓ Предизвикувајте ги по малку и дозволете им самите да размислуваат.


Лекција 1
19
Израдувајте се!
Следната недела ќе се сретнете со учениците што ќе ги менторирате!